Јавна Здравствена Установа Универзитетска
Клиника за Гастроентерохепатологија - Скопје

ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ГАСТРОЕНТЕРОХЕПАТОЛОГИЈА
IPSH KLINIKA UNIVERSITARE PËR GASTROENTEROHEPATOLOGJI
Бр.-Nr. 04-441/1
31.07 2025 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 161 од Закон за здравствена заштита (Сл.весник на Р.М. бр. 43/12, 145/12, 87/13, 39/14, 43/14, 10/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 20/19), и (Сл.весник на Р.С.М бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/3, 30/24, 74/24 и 170/24), чл. 20-д од Закон за вработени во јавен сектор (Сл.весник на Р.С.М бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 143/1914/20, и 208/24) а согласно чл. 23 од Закон за работни односи и чл. 30 и чл. 31 од Статутот на ЈЗУ УК за Гастроентерохепатологија Скопје, а по претходно добиената писмена согласност од Министерство за финансии на РСМ бр. 19-2209/2 од 12.03.2025 година, в.д. Директорот на ЈЗУ Универзитетска Клиника за Гастроентерохепатологија Скопје, на ден 31.07.2025 год ја донесоа следната:

# О Д Л У К А

за избор на кандидати по јавен оглас бр. 04-187/1 од 27.03.2025 година

## Д И С П О З И Т И В

1. **Кандидатите Дијана Рафајловска, Стефан Пашоски и Викторија Зарковска** се избираат по јавен оглас бр. 04-187/1 од 27.03.2025 година на работно место **доктор на медицина на специјализација по гастроентерохепатологија** (шифра: ЗДР 0301А17001), за вработување на **неопределено време**.
2. Изборот е извршен врз основа на **ранг-листа добиена од просечниот успех од дипломските студии на Медицински факултет, резултатите од стручниот испит (писмен и усен) и спроведеното интервју.**
3. За извршениот избор ќе бидат **известени сите пријавени кандидати**.
4. Оваа одлука ќе биде **објавена на веб-страницата на ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија – Скопје и на огласната табла на Клиниката.**
5. **Избраните кандидати** ќе бидат вработени и распоредени на работното место **по конечноста на оваа одлука.**
6. **Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на добиената писмена согласност од Министерството за финансии на РСМ, бр. 19-2209/2 од 12.03.2025 година, в.д. директорот на **ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија – Скопје** на ден 04.04.2025 година, објави јавен оглас во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ за вработување на **3 (три) лица** на работно место – доктор на медицина на специјализација по гастроентерохепатологија. На огласот се пријавија **вкупно 7 кандидати со комплетна документација**.

По спроведувањето на писмениот и усниот стручен испит, како и по извршената проценка на просечниот успех од дипломските студии, беше изготвена ранг-листа врз основа на вкупно освоените бодови.

Дополнително, во рамки на интервјуто со в.д. директорот, беше спроведена сеопфатна евалуација на секој кандидат, со цел потемелно согледување на нивниот професионален потенцијал и мотивација за специјализација.

Во процесот на селекција, покрај формалните критериуми, беа земени предвид и следниве аспекти:

• квалитетот и обемот на досегашното професионално искуство;
• учеството во научноистражувачка работа и објавени трудови;
• познавањето на дијагностички процедури и алгоритми во областа на гастроентерохепатологија;
• етичкиот пристап и односот кон пациентите;
• способноста за справување со комплексни и ургентни клинички состојби;
• професионалната зрелост, комуникациските вештини и степенот на одговорност.

Сите овие критериуми беа земени како суштински и одлучувачки фактори при изборот на кандидати за специјализација во рамки на нашата клиника.

Врз основа на севкупната проценка, в.д. директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија – Скопје ја донесе оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против оваа одлука, незадоволените кандидати имаат право на **жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**, во рок од **8 (осум) дена** од денот на приемот на известувањето за извршениот избор.

ЈЗУ Универзитетската Клиника за
Гастроентерохепатологија
в.д. Директор
Проф. д-р Мери Трајковска

*Доставено до:*

*- именуваниот,*
*- архива на Клиниката,*
*- Агенција за вработување*

Водњанска 17, 1000 Скопје, Р. Македонија,
Тел. раб.+389 2 3147-133; 3147-131; 3147-130; 3147-161